# ИЛИНДЕН



ВЕСНИК НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО „ИЛИНДЕН“ - ТИРАНА

Јас го разбирам светот единствено како поле за културен натпревар меѓу народите - ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

ГОДИНА XIV БРОЈ 66 ТИРАНА - АЛБАНИЈА www.vesnik-ilinden.com ISSN 2522-4514 ЈАНУАРИ/МАРТ 2025 ГОДИНА


## Во овој број


**Страница 2**

16 ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА

**Страница 3**

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ГИ ДОДЕЛИ ОВОГОДИШНАТА НАГРАДА “ИЛИНДЕН” И БЛАГОДАРНИЦА “ИЛИНДЕН” ПО ПОВОД ШЕСТНАЕСЕТГОДИШНИНАТА

ФУЕН МУ ЈА ЧЕСТИТА 16-ГОДИШНИНАТА ОД ФОРМИРАЊЕТО НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО „ИЛИНДЕН“-ТИРАНА И СЕ ЗАБЛАГОДАРИ ЗА НАГРАДАТА

**Страница 4**

МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ГО НАЗНАЧИ ФАТРИ ФЕТАХУ ЗА КООРДИНАТОР НА ДРУШТВОТО ЗА ОБЛАСТА ГОЛО БРДО

МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, ЈА НАЗНАЧИ САБИНА ЏЕЛИЛИ ЗА КООРДИНАТОР НА ДРУШТВОТО ЗА ОКРУГОТ ЕЛБАСАН

МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ГО НАЗНАЧИ ЛАМБЕ ШАТРОВСКИ ЗА КООРДИНАТОР НА ДРУШТВОТО ЗА МАКЕДОНИЈА

**Страница 5**

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, ЃУРЃАЈ ОСВАРИ СРЕДБА СО МИНИСТЕРОТ ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА ВО ВЛАДАТА НА МАКЕДОНИЈА, АНДОНОВСКИ

ЃУРЃАЈ МУ ПОДАРИ ВРЕДНИ МАТЕРИЈАЛИ НА ДРЖАВНИОТ АРХИВ НА МАКЕДОНИЈА КАДЕ ЌЕ ПОСТОИ АРХИВСКИ ФОНД НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА

МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ПОБАРА ОТВОРАЊЕ НА ЛЕКТОРАТ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО КОРЧА

**Страница 6**

ПО БАРАЊЕТО НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ПОСТАВЕНА ПОВЕЌЕЈАЗИЧНА ТАБЛА НА ЗГРАДАТА НА КОМИТЕТОТ ЗА НАЦИОНАЛНИ МАЛЦИНСТВА, ГО ИМА И МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

МАКЕДОНСКАТА АМБАСАДА ОРГАНИЗИРАШЕ НОВОГОДИШНА СРЕДБА СО МАКЕДОНЦИ ОД ТИРАНА

**Страница 7**

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА БАРА ДА СЕ ФОРМИРА ОПШТИНА ГОЛО БРДО И ОПШТИНА ГОРА

СОЧУВСТВО ОД МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН” -ТИРАНА ПО ПОВОД УПОКОЈУВАЊЕТО НА Г.Г.АНАСТАС, АРХИЕПИСКОПОТ НА ТИРАНА, ДРАЧ И ЦЕЛА АЛБАНИЈА

ПРЕКРАСНИ ФРЕСКИ НА ПЕШТЕРСКАТА ЦРКВА СВЕТА БОГОРОДИЦА НА ОСТРОВОТ МАЛ ГРАД ОБЛАСТА МАЛА ПРЕСПА

**Страница 8**

РЕКОРДНА ФРЕКВЕНЦИЈА НА ГРАНИЧНИОТ ПРЕМИН ТРЕБИШТЕ – ЏЕПИШТЕ ВО ОБЛАСТА ГОЛО БРДО

ПРЕСПА 25 ГОДИНИ НАЦИОНАЛЕН ПАРК, НО СЕПАК ТУРИСТИЧКИ ЗАБОРАВЕН

НОВА ВЕБ-АПЛИКАЦИЈА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ЖЕШКИТЕ ТОЧКИ И ЕКОЛОШКИОТ СТАТУС НА ОХРИДСКОТО И НА ПРЕСПАНСКОТО ЕЗЕРО

**Страница 9**

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ПОВТОРНО ЈА АКТУАЛИЗИРА ПОТРЕБАТА ЗА 24-ЧАСОВНО РАБОТЕЊЕ НА ГРАНИЧНИОТ ПРЕМИН ТРЕБИШТЕ – ЏЕПИШТЕ

**Страница 10**

ВО ТЕК Е УПИСОТ ЗА КУРСОТ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ ВО ТИРАНА

**Страница 11**

ЦЕНТРАЛНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ЈА РЕГИСТРИРА МАКЕДОНСКАТА АЛИЈАНСА ЗА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА ЗА УЧЕСТВО НА ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ




## 16 ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА

На 6 февруари 2009 година беше формирано Македонското друштво "Илинден"-Тирана, а оваа година се навршуваат 16 години од неговото постоење и работа. Македонското друштво "Илинден"-Тирана е регистрирано во Основниот суд во Тирана, со цел законски да работи за заштита и афирмација на македонскиот етнички, јазичен, културен, верски, историски и државен идентитет на македонско национално малцинство во Република Албанија.

Македонското друштво "Илинден"-Тирана во овие 16 години им посвети посебно внимание на Македонците во областите Голо Брдо, Преспа, Гора и Врник.

Македонското друштво "Илинден"-Тирана, за периодот од 16 години оствари безброј средби со многу државни институции во извршната и локална власт, а соработката ја проширивме со невладиниот сектор, во земјата и странство.
Македонско друштво "Илинден"-Тирана е член на Федералната унија на европските националности од 16. мај 2015 година и дел од Работната група на словенските малцинства при ФУЕН. Како активен партиципиент во ФЕУН, членови на Друштвото досега учествува во сите конгреси и поднесува резолуци, што придонесува Македонското друштво "Илинден"-Тирана рамноправен член и силен глас на Македонското национално малцинство во Федералната унија на европските националности. Долгогодишната присутност на Македонското друштво "Илинден"-Тирана во Федералната унија на европските националности и други меѓународни организаци ја покажа потребата од назначување на Меѓународен кординатор на Македонско друштво "Илинден"- Тирана што беше реализирано во 2023 година.

Во изминатите 16 години како претседател на Македонско друштво "Илинден"- Тирана, заедно со моите соработници, имавме можност да оствариме бројни работни и официјални посети, да се сретнеме и да соработуваме со владини институции, како во Република Албанија, така и во матичната држава Република Македонија, како и со меѓународни организации.

При сите реализирани средби со претставниците на државните институции во Република Албанија, во матичната држава Република Македонија и европските институции ја користевме секоја прилика да размениме мислења за важни прашања за унапредувањето на положбата и правата на македонското национално малцинство во Република Албанија. Иако не секогаш наоѓаме заедничко или задоволително решение за одреден проблем, сепак должна благодарност искажувам на сите државни институции во Република Албанија, и во матичната држава Република Македонија и низ светот.
Македонско друштво "Илинден" - Тирана останува посветено на борбата за правата на македонско национално малцинство во Република Албанија, за унапредување на положбата на Македонците врз основниот принцип на меѓународното право на еднаква сувереност.
Од особено значење за работата и информирањето за активностите на Македонското друштво "Илинден"-Тирана е објавувањето на Македонски весникот "Илинден" кој покрај печатеното има и електронско издание. Македонски весник "Илинден" излезе на печатење во март 2011 година во Тирана, и претставува единствен весник на Македонците во Република Албанија, што излегува и во печатна и во електронска верзија.

Македонскиот весник "Илинден"е стандардизиран според меѓународните норми со ISSN 2522-6282. Македонски весник "Илинден" е дел од три агрегатори на вести grid.mk , daily.mk и vesti.mk . Македонски весник "Илинден" е член на платформата Алијанса за етички медиуми (АЕМ) каде членуваат 29 печатени и аудиовизуелни медиуми во Република Албанија.

Во чест на 16 години од постоењето на Македонското друштво "Илинден"-Тирана сакам да ги повикувам сите државни институции како и сите политички партии и невладиниот сектор во Република Албанија и во матичната држава Република Македонија да дадат поддршка на Македонците во Република Албанија, да даваат поддршка во контунитет за решавање на проблемите што се сочуват и да спречиме асимилацијата од бугарија.

Македонско друштво "Илинден"-Тирана ги повикува институциите во Република Албанија да преземат конкретни мерки за заштита на македонскиот идентитет и македонското културно наследство.
Посебно благодарност сакам да упатам до сите што помогнаа во овие 16 години во работата на Македонско друштвото "Илинден"-Тирана.
Да му се множат годините на Македонското друштво "Илинден"-Тирана, а за неговите постигнувања

оставаме повеќе да каже историјата. Македонците во Република Албанија и Албанците во Република Македонија се мостови на братство и пријателство меѓу двата народа и двете држави.

**Да се вечни Македонците во Република Албанија!**
**Да живее албанското – македонско пријателство!**

**Со почит,**
**Никола Ѓурѓај, Претседател на Македонското друштво "Илинден"- Тирана**

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА ГИ ДОДЕЛИ ОВОГОДИШНАТА НАГРАДА "ИЛИНДЕН" И БЛАГОДАРНИЦА "ИЛИНДЕН" ПО ПОВОД ШЕСТНАЕСЕТГОДИШНИНАТА



По повод шестнаесет годишнината од основањето и плодната работа на Македонско друштво "Илинден"-Тирана, неговите Управни органи и претседателот г-дин Никола Ѓурѓај, донесоа Одлука за доделување на благодарници "Илинден" и награда "Илинден". Благодарниците и наградата се доделуваат на лица за нивните особени заслуги за ангажман и перманентните активноси во насока на зачувување и одржување на македонскиот идентитет на припадниците на македонското национално малцинство во Република Албанија. Така и оваа година беа предложени повеќе лица за добивање на благодарница "Илинден" и награда "Илинден". Од предложените беа избрани лица, кои со својот ангажман придонеле за подобрување на животот, културата и зачувување на автентичната македонска традиција на Македонците во Република Албанија. Благодарницата и наградата "Илинден" ги доделува и врачува лично претседателот на Македонско друштво "Илинден"-Тирана.

**Во 2025 година награда "Илинден" се доделува на**:

1. **Федералната Унија на Европските Националности (ФУЕН)**

**Во 2025 година благодарница "Илинден" се доделува на**:

1. **Г-дин Љуфтим Спахиу** – Вршител на должноста македонски амбасадор во Тирана, Република Албанија
2. **Народен правобранител** – Тирана, Република Албанија
3. **Г-ѓа Елса Џелили** – Координатор на Македонското друштво Илинден – Тирана за Округот Елбасан од 2021 и 2024 година и активист на Македонското национално малцинство во Република Албанија
4. **Г-дин Бил Николов** – Претседател на Македонското меѓународно движење за човекови права (ММДЧП) – Канада
5. **Г-дин Ратко Лазарески** - Директор на весникот Нова Македонија, Скопје, Република Македонија

Претседателот на Македонско друштво "Илинден"-Тирана г-дин Никола Ѓурѓај им ги честита наградата и благодарниците на добитниците за 2025 година со надеж дека истите ќе послужат како поттик за натамошен ангажнман на наградените во нивната досегашна определба да работат во интерес на вистината за животот и ангажманите на Македонците во Република Албанија.

## ФУЕН МУ ЈА ЧЕСТИТА 16-ГОДИШНИНАТА ОД ФОРМИРАЊЕТО НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО „ИЛИНДЕН"-ТИРАНА И СЕ ЗАБЛАГОДАРИ ЗА НАГРАДАТА

По повод одбележувањето на 16-годишнината од формирањето, раководството на македонското друштво „Илинден"-Тирана доби честитки од асоцијации со кои има плодна соработка. Во повеќето честитки е и онаа на Федералната унија на европските националности (ФУЕН), каде Друштвото е полноправна членка од 16 мај 2015 година.

„Среќен роденден на Македонско друштво „Илинден"-Тирана, организација членка на ФУЕН. Формирано е пред 16 години со цел да го заштити и афирмира етничкиот, јазичниот, културниот, верскиот, историскиот идентитет на македонското национално малцинство во Република Албанија. Посакуваме понатамошна активност во интерес на македонското малцинство и продолжување на плодната соработка" - се вели во честитката од ФУЕН.

Во исто време, е изразена благодарност за доделената почесна награда „Илинден", што годинава Друштвото и ја додели на Унијата. „Во знак на признание за нашата заедничка посветеност кон малцинските заедници, чест ни е да ја примиме наградата „Илинден" за 2025 година. Нашата искрена

благодарност до претседателот на друштвото, Никола Ѓурѓај и неговиот тим за ова значајно признание. Нека вашата значајна работа продолжи уште многу години“- стои во честитката на ФУЕН.

Македонско друштво “Илинден“-Тирана се заблагодарува за честитките и желбите за идна успешна работа.

## МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ГО НАЗНАЧИ ФАТРИ ФЕТАХУ ЗА КООРДИНАТОР НА ДРУШТВОТО ЗА ОБЛАСТА ГОЛО БРДО



Претседателот на Македонското друштво “Илинден“-Тирана, Никола Ѓурѓај, врз основа на Статут и согласно своите надлежности на 20. 01. 2025 година донесе Одлука да го назначи Фатри Фетаху за координатор на Друштвото за областа Голо Брдо.

Фатри Фетаху е роден во село Требиште, област Голо Брдо. Фетаху од 2015 година е член на Македонското друштво “Илинден“-Тирана, активист на македонското национално малцинство во областа Голо Брдо. Од 2019 до 2021 година бил подпретседател на Македонско друштво “Илинден“- Огранок Голо Брдо, и од 2021 до 2024 Преседател на Македонско друштво “Илинден“- Огранок Голо Брдо и дописник на Македонскиот весник “Илинден“. За својата ангажираност Фетаху, во 2016 година, беше добитник на благодарница “Илинден“.

Македонското друштво “Илинден“- Тирана му посакува успех како координатор на Друштвото за областа Голо Брдо со мандат од 2025 – 2029 година.

## МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА, ЈА НАЗНАЧИ САБИНА ЏЕЛИЛИ ЗА КООРДИНАТОР НА ДРУШТВОТО ЗА ОКРУГОТ ЕЛБАСАН



Претседателот на Македонското друштво “Илинден“-Тирана, Никола Ѓурѓај, врз основа на Статут и согласно своите надлежности на 20.01.2025 година донесе Одлука да ја назначи Сабина Џелили за координатор на Друштвото за округот Елбасан.

Сабина Џелили е родена во град Елбасан по потекло од областа Голо Брдо. Сабина Џелили е член на Македонско друштвото ‘’Илинден’’-Тирана од 2019 година и активист на македонското национално малцинство во округот Елбасан.

Македонското друштво “Илинден“- Тирана и посакува успех како координатор на Друштвото за округот Елбасан со мандат од 2025 – 2029 година.

## МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ГО НАЗНАЧИ ЛАМБЕ ШАТРОВСКИ ЗА КООРДИНАТОР НА ДРУШТВОТО ЗА МАКЕДОНИЈА



Претседателот на Македонското друштво “Илинден“-Тирана, Никола Ѓурѓај, врз основа на Статут и согласно своите надлежности на 20.01.2025 година донесе Одлука да го назначи за координатор на Друштвото за татковината Македонија, Ламбе Шатровски.

Ламбе Шатровски е роден во село Пасинки областа Голо Брдо. Од 2010 година Ламбе Шатровски е член на Македонско друштво “Илинден“-Тирана и од 2015 година дописник на македонски весник “Илинден”, активист на македонско национално малцество во Република Албанија. Од 2020 – 2024 генерален координатор на Македонско друштво “Илинден“-Тирана за татковината Македонија. Во 2020 година е добитник на Благодарницата “Илинден” по повод 10 годишнината на Друштвото.

Македонското друштво “Илинден“-Тирана и посакува успех како координатор на Друштвото за татковината Македонија со мандат од 2025 – 2029 година.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА, ЃУРЃАЈ ОСВАРИ СРЕДБА СО МИНИСТЕРОТ ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА ВО ВЛАДАТА НА МАКЕДОНИЈА, АНДОНОВСКИ



Претседателот на Македонско друштво "Илинден"-Тирана, Ѓурѓај оствари работна средба со Министерот за дигитална трансформација, со Министерот за дигитална трансформација на Македонија г-дин Стефан Андоновски.

На работната средба беа актуелизирани прашања кои се однесуваат на проблемите на македонското мационално малцинство во Република Албанија.

Министерот за дигитална трансформација г-дин Стефан Андоновски даде поддршка во рамки на надлежностите за активностите на Македонско друштво "Илинден"-Тирана и за македонско национално малцинство во Република Албанија.

## ЃУРЃАЈ МУ ПОДАРИ ВРЕДНИ МАТЕРИЈАЛИ НА ДРЖАВНИОТ АРХИВ НА МАКЕДОНИЈА КАДЕ ЌЕ ПОСТОИ АРХИВСКИ ФОНД НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА



Претседателот на Македонското друштво "Илинден"- Тирана, Никола Ѓурѓај подари примероци од весникот "Илинден" и други материјали на Државниот архив.

– Два месеца по потпишувањето на Меморандум за соработка меѓу Државниот архив на Македонија и нашето Друштво започнавме конкретни активности за негова примена. Во тие рамки подаривме примероци од сите 65 изданија на весникот "Илинден" од монографијата со народни носии на Македонците од Мала Преспа, Гора, Голо Брдо, како и други вредни материјали, изјави Ѓурѓај.

Тоа, додава тој, во насока на создавање на архивски фонд на Македонско друштво "Илинден". Државниот архив се грижи за зачувување на историјата на македонското малцинство во Република Албанија.

Фондот ќе опфаќа документи кои се однесуваат на историјата на македонското национално малцинство во оваа земја и ќе се чува во Државниот архив, подвлече на средбата д-р Бранислав Светозаревиќ претседател на Комисијата за откуп и подарување на архивски материјал.

Светозаревиќ, кој ги примил материјалите му подари на Друштвото примерок од последното издание на Архивот „Писма на Љубомир Милетич до Афанасиј Селишчев (историја на една мистификација).

## МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА ПОБАРА ОТВОРАЊЕ НА ЛЕКТОРАТ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО КОРЧА

По примерот на отворањето на лекторат за македонски јазик во Тирана, претседателот на македонското друштво "Илинден" од Тирана, Никола Ѓурѓај поднесе барање до Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје и Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура за отворење на лекторатот на Универзитетот Фан С. Ноли во Корча, Албанија.



„Во името на македонското друштво "Илинден"-Тирана поднесов барање до Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, Македонија и Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура за отворење на лекторатот по македонски јазик на Универзитетот Фан С. Ноли во Корча, Албанија"- напиша на својот фејсбук статус претседателот на Друштвото, Никола Ѓурѓај.

Ваквиот чекор е преземен поради тоа што, независно од фактот што со децении има потреба од лекторат на македонски јазик во Корча, тоа до сега не се реализирало. Со тоа, им се ускратени правата на студентите заинтересирани за изучување на македонскиот јазик.

## ПО БАРАЊЕТО НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ПОСТАВЕНА ПОВЕЌЕЈАЗИЧНА ТАБЛА НА ЗГРАДАТА НА КОМИТЕТОТ ЗА НАЦИОНАЛНИ МАЛЦИНСТВА, ГО ИМА И МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК




Последователен успех, во остварување на легитимните права на македонското национално малцинство во Албанија прокниживме на почетокот на 2025 година, овој пат со поставување на повеќејазична табла на зградата каде што е сместен Комитетот за национални малцинства во Тирана, изјави Никола Ѓурѓај претседател на Македонското друштво “Илинден”-Тирана.

Ѓурај додава, дека промената на таблата се случи по барање на Друштвото, доставено во јануари 2023 година, до Комитетот. Имено, поставувањето на повеќејазична табла, вклучително и на македонски јазик и неговото кирилско писмо, претсавува потреба заради реално презентирање на работата и улогата на Комитетот. На поднесеното барање беше добиен одговор два месеца подоцна дека истото ќе биде земено предвид.

„Но, помина повеќе од една година, а таблата не беше поставена. Поради тоа на 25 април минатата година испративме реакција до повеќе институции во Република Албанија, меѓу кои и до Народниот правобранител. Народниот правобранител го разгледа барањето, излезе во пресрет и се ангажираше да се постави повеќејазична табла на зградата на Комитетот. Во средината на јуни добивме допис дека ќе биде поставена повеќејазична табла и ете конечно истата е поставена, што е уште една институција со табла на македонски јазик, кое следува по наше барање“, посочува Ѓурѓај.

Изразуваме, нагласува тој, голема благодарност до Народниот правобранител и вработените во таа институција, за нивното ангажирање за да се реализира нашето барање и секако Комитетот за национални малцинства, кој е владин орган, во кој свои претставници имаат осум малцинства, признати со закон во Република Албанија.

Претходно по барање на Македонското друштво “Илинден”-Тирана повеќејазични табли, поставија Комесарот за заштита од дискриминација и Народниот правобранител.

## МАКЕДОНСКАТА АМБАСАДА ОРГАНИЗИРАШЕ НОВОГОДИШНА СРЕДБА СО МАКЕДОНЦИ ОД ТИРАНА



Вршителот на должноста амбасадор, Луфтим Спахиу, во македонската Амбасада во Тирана, организираше новогодишен прием за претставници на македонското национално малцинство кои живеат во Тирана.

Во чест на македонското национално малцинство во Тирана, кое претставуваат важен дел од мултикултурната структура на градот, придонесувајќи со својата историја, култура и традиција, а по повод новогодишните празници, организиравме мал но значаен прием - објави амбасадата.

Се додава дека Македонците во Албанија, живеат главно во регионите на Мала Преспа, Голо Брдо, Гора, но ги има и во многу други градови на Албанија.

Тие се горди на своите корени и култура, но истовремено се и лојални граѓани на Албанија.

Преку политичката партија МАЕИ, преку нивните друштва, весници и портали, како што се „Илинден“, „Сонце“, „Преспа“ и многу други, тие се активни и гласни во своите барања за зачувување на мајчиниот јазик, култура и традиција.

-Амбасадата, им посака среќна и успешна Нова година, каде што секој нов ден биде можност за нови успеси и убави моменти. Што и да донесе иднината, заедно може да ја направиме подобра - се наведува во објавата.

Како што изјави, Никола Ѓурѓај, претседател на Македонското друштво “Илинден”- Тирана и главен и одговорен уредник на истоимениот весник, ваква средба се одржува за првпат, и значи многу за сите.

Во Амбасадата се поставил и штанд со примероци од печатени весници на македонски јазик, како и албуми со народни носии и други изданија.

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА БАРА ДА СЕ ФОРИМИРА ОПШТИНА ГОЛО БРДО И ОПШТИНА ГОРА



Десет години по територијалната поделба направено 2014 година, областите Голо Брдо и Гора каде живее македонското национално малцинство се уште останаа неразвиени.

Во 2014 година, општините Требиште, Острени и Стеблево во областа Голо Брдо беа укинати, за да се приклучат кон општините Булќиза и Либражд, а општините Шиштеец и Запот во областа Гора беа припоени кон Општина Кукс.

Македонско национално малцинство во областите Голо Брдо и Гора смета дека укинувањето на општините е чекор кој ги уназадува правата на малцинствата во Република Албанија.

Македонско друштво “Илинден“-Тирана бара Владата да предложи измени на Законот за локална самоуправа за создавање две нови општини:

- **Општина Голо Брдо**
- **Општина Гора**

Македонското друштво “Илинден“-Тирана смета дека овој демократски процес ќе ја зголеми довербата на граѓаните во системот и ќе овозможи поефикасно решавање на проблемите во областите Голо Брдо и Гора.

**Македонско друштво “Илинден”-Тирана, Претседател Никола Ѓурѓај**

**Координатор на Македонско друштво “Илинден”-Тирана за областа Голо Брдо, Фатри Фетаху**

## СОЧУВСТВО ОД МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН” -ТИРАНА ПО ПОВОД УПОКОЈУВАЊЕТО НА Г.Г.АНАСТАС, АРХИЕПИСКОПОТ НА ТИРАНА, ДРАЧ И ЦЕЛА АЛБАНИЈА



Македонското друштво “Илинден” -Тирана упати сочувство до Албанската православна автокефална црква и до православните верници по повод упокојувањето на г. г. Анастас, Архиепископот на Тирана, Драч и цела Албанија.

Во мое лично име, во име на Македонското друштво “Илинден“-Тирана и македонското национално малцинство во Република Албанија, изразувам најдлабоко сочувство за упокојувањето во Бога на архиепископот на Тирана, Драч и цела Албанија, Анастас Јанулатос - стои во телеграмата со сочувство, потпишана од Никола Ѓурѓај, претседател на Друштвото.

Се додава дека неговото упокојување е “голема загуба за Автокефалната православна црква на Албанија и за сите нас, како православни верници во Албанија”.

Незаборавниот архиепископ на Тирана, Драч и цела Албанија, Неговата Светост Анастас, со својата божествено вдахновена визија и длабока љубов кон Христа и Неговата Црква, ја обнови и воздигна, од урнатините што ги остави атеистичкиот режим. Со неуморна трудољубивост и пожртвувана служба повеќе од три децении, ширеше разбирање, љубов и верба во Словото Христово. Се посочува дека е незаборавно неговото наследство што го остави во полза на Автокефалната православна црква на Албанија. Вечен и благословен во Бога нека му е споменот.

## ПРЕКРАСНИ ФРЕСКИ НА ПЕШТЕРСКАТА ЦРКВА СВЕТА БОГОРОДИЦА НА ОСТРОВОТ МАЛ ГРАД ОБЛАСТА МАЛА ПРЕСПА



Регионалната дирекција за културно наследство Корча го привлече вниманието на прекрасните фрески на црквата пештерската црква Света Богородица на островот Мал Град областа Мала Преспа.

Оваа црква се смета за скапоцена во Преспа и во цела Албанија. Се наоѓа во Преспанското Езеро, на островот на островот Мал Град областа Мала Преспа, од 14 век и е еден од највредните споменици на културното наследство.

Неодамна црквата е обновена благодарение на прекуграничната

иницијатива SMARTFORYOU2, во тесна соработка со Македонија. Проектот за ревитализација на црквата вклучуваше нејзина реставрација и конзервација внатре и надвор, рехабилитација на патеката што води до неа и зачувување на величествените мурални фрески кои ги оживуваат светите ѕидови.

Новото осветлување на црквата и патеката создава магична атмосфера која ја зголемува убавината на ова свето место.

Натписите пронајдени во оваа црква припаѓаат на различни периоди поврзани со историјата на овој споменик. Натпис на јужниот ѕид, најраниот во оваа црква, датира од 1345 година и првата фаза од украсувањето на оваа црква со фрески.

## РЕКОРДНА ФРЕКВЕНЦИЈА НА ГРАНИЧНИОТ ПРЕМИН ТРЕБИШТЕ – ЏЕПИШТЕ ВО ОБЛАСТА ГОЛО БРДО




На граничниот премин Требиште – Џепиште во областа Голо Брдо според статистиката на македонското Министерство за внатрешни работи, регистрирана е рекордна фреквенција на патници споредено со претходната година.

На граничниот премин Џепиште-Требиште минале 51.080 патници, од нив странски 48.116 и 2.964 македонски државјани. Споредено со претходната година бројот е поголем за 12.255 патници“ потврдуваат од Министерството.

Зголемената фреквенција на се должи, меѓу другото на подобрената патна инфраструктура. Тука, посебно со пуштањето во употреба на автопатот „Патот на Арбр“ (Руга е Арбрит), со кој оддалеченоста, од преминот до Тирана, сега изнесува 80 километри, што е намалување на оддалеченоста за стотина километри, како и реконсрукцијата на патниот правец Маврови Анови-Жировница, а претходно и делницата Живорница-Дебар.

Граничниот премин Требиште – Џепиште во областа Голо Брдо е од локален карактер, па во летниот период, односно од први април до 31 октомври, работи од 8 до 20 часот, додека од 1 ноември до 31 март, од 8 до 18 часот.  Право да го користат имаат само жителите од областа Голо Брдо.

## ПРЕСПА 25 ГОДИНИ НАЦИОНАЛЕН ПАРК, НО СЕПАК ТУРИСТИЧКИ ЗАБОРАВЕН



Преспа 25 години како Национален парк, но сепак туристички заборавен!

Општина Пустец опфаќа 9 села и околу 5100 жители, кои имаат извонреден потенцијал за развој во областа на агротуризмот.

Самиот парк нуди многу можности за природен туризам, со територија од 27.613 хектари и 61 различен вид цицачи, како и 23 видови риби во езерото.

Сепак, за искористување на овој потенцијал потребна е дополнителна поддршка и инвестиции кои ќе помогнат во унапредување и промоција на оваа прекрасна туристичка област.

## НОВА ВЕБ-АПЛИКАЦИЈА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ЖЕШКИТЕ ТОЧКИ И ЕКОЛОШКИОТ СТАТУС НА ОХРИДСКОТО И НА ПРЕСПАНСКОТО ЕЗЕРО




Група на студенти разви веб-апликација која овозможува интерактивно прикажување на биолошкиот статус на Охридското и на Преспанското Езеро. Оваа апликација е создадена да ги прикаже клучните еколошки параметри и податоци за двата езера низ годината кои произлегуваат од работата на Хидробиолошкиот завод Охрид.

Преку веб-апликацијата hidrobioloski-zavod-ohrid.vercel.app, граѓаните, научниците и љубителите на природата ќе можат во секое време да пристапат до податоци за загаденост,

температурата на водата, нивото на кислород, состојбата на биолошките видови и други значајни фактори кои влијаат на екосистемите на езерата.

Апликацијата претставува практичен начин за подобро разбирање на состојбата на овие природни богатства и ја нагласува важноста на нивната заштита.
„Горди сме што студентите покажаа како иновативни решенија можат да придонесат за зачувување на природната средина.

Оваа веб-апликација ќе овозможи транспарентен пристап до податоците за езерата, што е значаен чекор кон нивна одржлива заштита изјави Иван Јованов од Здружението Лидери за едукација, активизам и развој, организацијата реализитор на проектот Иновациските кампови.

Директорката на Хидробиолошкиот институт, Орхидеја Тасевска, го истакна значењето на ова решение: „Оваа апликација ќе ја приближи науката до јавноста и ќе овозможи сите заинтересирани страни да имаат пристап до најновите податоци за состојбата на езерата. Веруваме дека ова е одличен пример за тоа како младите можат да придонесат со своето знаење и креативност во заштитата на природата.

Веб-апликацијата веќе е достапна за користење на hidrobioloski-zavod-ohrid.vercel.app, а повеќе информации може да се добијат преку веб-страницата на Хидробиолошкиот институт Охрид.

Веб апликацијата беше развиена во рамки на проектот „Иновациски кампови во соработка со Мрежата за искуствено учење“ е реализиран од Здружението LEAD во партнерство со УНИЦЕФ и со финансиска поддршка на Шведска.

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ПОВТОРНО ЈА АКТУАЛИЗИРА ПОТРЕБАТА ЗА 24-ЧАСОВНО РАБОТЕЊЕ НА ГРАНИЧНИОТ ПРЕМИН ТРЕБИШТЕ – ЏЕПИШТЕ




Македонското друштво “Илинден”-Тирана апелираа до Владата на Република Албанија да го реши долгогодишниот проблем со работното време на граничниот премин Требиште – Џепиште. Македонското друштво “Илинден”-Тирана бараа преминот да работи 24 часа, како што беше договорено од владите на Македонија и Албанија во 2017 година.

### Долгогодишен проблем со функционирањето на преминот

Граничниот премин Требиште – Џепиште, кој ги поврзува областа Голо Брдо со Македонија, беше официјално отворен во мај 2013 година. Како дел од напорите за подобрување на регионалната поврзаност, на заедничката владина седница во Поградец на 15 декември 2017 година беше донесена одлука за негово 24-часовно работење. Сепак, и покрај оваа одлука, граничниот премин и денес функционира со ограничено работно време – од 08:00 до 18:00 часот. Ова претставува сериозен проблем за жителите на Голо Брдо, особено во зимскиот период, кога ниските температури, снегот и тешките временски услови дополнително ја ограничуваат нивната комуникација и движење.

### Факти и аргументи за неопходноста од 24-часовно работење

Владин договор (2017 година) – Владите на Македонија и Албанија официјално се согласија дека граничниот премин треба да работи 24 часа. Неспроведувањето на оваа одлука претставува непочитување на билатералните договори.

**Голо Брдо изолирана област** – Областа Голо Брдо е една од најизолираните во Албанија, со слаба инфраструктура и ограничен пристап до основни услуги. Овој граничен премин е единствената врска за многумина со блиските македонски градови.

**Административни потреби** – Многу жители на Голо Брдо имаат македонско државјанство или роднински врски со Македонија, па им е неопходен непречен пристап за административни обврски како што се вадење документи, здравствени услуги и образование.

**Економска и социјална поврзаност** – Ограниченото работно време на преминот негативно влијае на локалната економија, бидејќи жителите не можат слободно да се движат за работа, трговија и други економски активности.

**Тешки временски услови** – Во зимскиот период, кога температурите се ниски, а снежните врнежи чести, краткото работно време дополнително ги загрозува жителите, особено во итни случаи кога треба да преминат во Македонија за медицинска помош.

**Дискриминација во однос на други гранични премини** – Некои други гранични премини меѓу Македонија и Албанија функционираат 24 часа, што го поставува прашањето зошто оваа одлука сè уште не е спроведена и за граничниот премин Требиште – Џепиште.

**Македонците во Голо Брдо со итно барање до албанската влада**

Граничниот премин Требиште – Џепиште е од суштинско значење за локалното население, а ограниченото работно време создава сериозни проблеми во секојдневниот живот и комуникација. Движењето на граѓаните е значително отежнато, особено во зимскиот период. Бараме Владата на Албанија итно да го реши овој проблем и да го спроведе договорот за 24-часовно работење на преминот.

**Македонско друштво "Илинден"-Тирана, Претседател Никола Ѓурѓај**

**Координатор на Македонско друштво "Илинден"-Тирана за Голо Брдо, Фатри Фетаху**

## ВО ТЕК Е УПИСОТ ЗА КУРСОТ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ ВО ТИРАНА




Факултетот за странски јазици на Универзитетот во Тирана, Албанија продолжува со организирање курс по македонски јазик, како изборен предмет. За таа цел факултетот вчера објави оглас, на кој, до 28-ми овој месец ќе може да се пријават сите заинтересирани студенти.

Во рамки на соработката на Факултетот за странски јазици при Универзитетот во Тирана со Универзитетот Свети Кирил и Методиј од Скопје, Македонија ве информираме дека во тек е уписот за македонски јазик, како вон наставен предмет, пишува во објавата на факултетот.

Се додава дека курсевите се бесплатни за сите студенти на Универзитетот во Тирана, а наставата ќе ја изведува Славица Свидерска, професор од универзитет во Скопје.

На крајот на курсот, сите студенти ќе добијат сертификат за соодветно стекнато ниво на познавање на македонскиот јазик, а добиените кредити ќе бидат внесени во додатен документ со дипломата.

Вон наставните програми за странски јазици се иновација и можности повеќе за студентите на Универзитетот во Тирана и имаат за цел да обезбедат богато и совршено искуство за сите вас кои сакате да го продлабочите своето јазично знаење и култура, се наведува во објавата.

Пријавувањето од понеделник до четврток е од 8:30 до 16:30 и во петок од 8:30 до 14 часот во Факултетот за странски јазици или на електронска адреса qendra.gjuhevetehuaja@unitir.edu.al, а информации може да се добијат и на телефонскиот број +355 4 2452610. Курс по македонски јазик првпат беше организиран на почетокот на минатата година, кого успешно го завршија над 20 студенти.

## ЦЕНТРАЛНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ЈА РЕГИСТРИРА МАКЕДОНСКАТА АЛИЈАНСА ЗА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА ЗА УЧЕСТВО НА ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ

Централната изборна комисија соопшти денеска меѓу партиите кои што ќе се борат парламентарните избори што ќе се одржат на 11 мај ќе биде и единствената партија на Македонците во Албанија, Македонска алијанса за европска интеграција. Централната изборна комисија на состанок на 23.02.2025 година одлучи за барањето за регистрација на МАЕИ да учествува на парламентарните избори во Република Албанија. -стои во соопштенито на Централна изборна комисија. МАЕИ како политички субјект во судскиот регистар е запишана на 8 јуни 2005 година. Првпат како политички субјект учествуваше на локалните избори во 2007 година, од кога редовно е дел од секој изборен циклус.



2025 ZGJEDHJE PËR KUVEND

Parti politike që kanë bërë kërkesë për t'u regjistruar si subjekt zgjedhor:

1. Partia Agrare Ambjentraliste e Shqipërisë (PAA)
2. Partia Aleanca e Maqedonasve për Integrimin Europian (AMIE)
3. Partia Drejtësia Shoqërore (PDSHSH)
4. Partia Bashkimi për të Drejtat e Njeriut (PBDNJ)
5. Partia Lidhja Demokristiane Shqiptare (LDK)
6. Partia Lëvizja Atdheu (LA)

**ИМПРЕСУМ:**

Издавач: Македонско друштво "Илинден"-Тирана
Главен и одговорен уредник: Никола ЃУРЃАЈ
Лектура: Естела КАРАМЕШИНОСКА
Компјутерска обработка: Анита МИЛЕВСКА
Печати: Печатница Абази - Тирана
Фотографии: Редакција на Македонски весник "Илинден" и Македонско друштво "Илинден"-Тирана
Адреса: Rruga "Mihal Grameno" Nr. 167, Tirana, Albania
Телефон: +355 69240 1778
E-mail: drustvo.ilinden.tirana@live.com
www.ilinden-tirana.com
www.vesnik-ilinden.com

**© Македонски весник "Илинден" - Сите права се задржани. Не е дозволено копирање, умножување или понатамошна репродукција или дистрибуција на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без претходно добиено одобрение од издавачот.**

# Македонска народна носија Стеблево - Голо Брдо



## Veshje popullore maqedonase Steblevë - Gollobordë